ЈП за комунални дејности и инфраструктура
„Кратово“
Бр. 03 - 338/1
06.03 2023 год.
Кратово

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ИНФРАСТРУКТУРА -КРАТОВО ЗА 2022 ГОДИНА

Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“ од Кратово во својот делокруг на работа опфаќа :

А) Управување со Градските гробишта во Кратово

Б) Одржување на улично осветлување

В) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Г) Управување со Градскиот зелен пазар во Кратово

Д) Други дејности од областа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

А) Во изминатата 2022 година извршени се вкупно 88 погреби од кои 42 погреби во нови гробни места и 46 погреби во постоечки гробни места.

Во изминатата 2022 година Ј.П. „Кратово“ ги има превземено сите неопходни активности за непречено и навремено извршување на погребите во се према Протоколите за превенција од инфекција и контрола за безбедно управување со мртво тело во контекс на COVID 19, издадени од Министерството за здравство .

На градските гробишта извршено е

1. Бетонирање на стази помеѓу гробните парцели со изработка на скалници према теренот, како и рамки за формирање на гробните парцели. Изработени се стази со вкупна површина од 90 м2 и оформени се 52 гобни парцели.
2. Оспособување на помошен влезен пристап со порамнување на теренот.
3. Санирање на оштетени бетонски патеки
4. Санација на дрвен мост . Извршена е и привремена санација појачување на дрвениот мост.
5. Порамнување на терен со сечење на дрвја и жбуње.

За спроведување на горенаведените активности потрошени се следниве материјали:

- Цемент 6750 кг
- Песок 30 м3
- Шајки 3 кг
- Даски 0,17 м3

Во 2022 година извршени се тековните активности за одржување на Градските гробишта со редовно чистење , косење на зелените површини , чистење на патеките и мостот во зимски услови од снег.

Б) Во изминатата 2022 година во областа на одржувањето на улично осветлување извршено е:

1. Промена на светилки натриум – 370 бр.
2.Промена на ЛЕД светилки – 530 бр
3.Исклучување на светилки поради рестрикции – 260 бр.
4. Корекција на ЛЕД светилки – 34 бр.
5. Отстранување на дефекти низ градот и селата:
-Поставување на механички тајмери низ градот и селата
-Поставување на кабел 40м и пуштање на рефлектор под напон кај црква св. Ѓорѓи Кратовски.
- Пуштање на кабел 2х16 во должина од 80м во с. Живалево
- Подесување на механички тајмери
- Промена на кабел 2х16-150м, 2х16-50м, 2х16-80м на Бојаџиско и Царина
- Демонтажа на светилки кај ОВР Кратово, ЕВН, Градинка „Царка Андреевска" и улица Гоце Делчев.
-Поставување на кабел SKS 70м.
- Отстранување и изолирање на подземен кабел за улично осветлување во Стара чаршија.
-Поставување на дигитални тајмери и подесување на истите: ТС Мусала, ТС Стара Мусала, ТС Бојаџиско, ТС Франц, ТС Пошта, ТС СИЗ, ТС Социјално, ТС Зорле, ТС Кошари, ТС Нова Царина, ТС Царина, ТС Осмолетка, ТС Вера Јоциќ, ТС Цигански Лозја, ТС Болница, ТС Железница, ТС Туралево 9 горни трафот) ТС Сакулица, ТС Вакав, ТС Татомир, ТС Шопско Рудари, ТС Коњух, ТС Живалево, ТС Кетеново, ТС Крилатица, ТС Трновац, ТС Лепановце и ТС Страцин.

В) Собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на Јавната чистота во градот

Во изминатата 2022 година извршени се следниве активности:

Редовно изнасање на комунален отпад со камион и трактор како и редовно одржување на Јавната чистота на општина Кратово со косење , метење и изнасање на отпадот. Чистење на плоштадот и главните улици од снежните наноси и други активности. Распоредот за собирање на комуналниот отпад од населените места е транспарентен и е прикачен на веб страната на општина Кратово.

Во 2022 година вршено е повеќе пати расчистување на градсата депонија во м.в. Мечкин дол во с. Железница со багер.

Г) Управувањето со Градскиот пазар во Кратово кој со Одлука од Совет на општина Кратово со бр. 09-1412/1 од 10.11. 2017 година е отстапен на користење и управување на ЈП Кратово.

Во 2022 година вршена е редовна наплата од изнајмување на тезгите , а по завршувањето на пазарот вршено е редовно чистење и одржување на хигиената на пазарот.

Работењето на Градскиот пазар во случај на пандемија со COVID 19 е спроведено со Протоколите за превенција од инфекција и контрола за безбедно работење во контекс со COVID 19, издадено од Министерството за здравство.

Д) Други дејности од областа на комуналните дејности и инфраструктурата на градот кои се од општ интерес на граѓаните.

Во 2022 година Ј.П. „Кратово" ги има реализирано следниве активности:

- Извршено е одстранување на снежни наноси на коловози и посипување со абразивен материјал и тоа:
  - на ул.„Гоце Делчев", населба Царина, Мусала, Зорле, Стадион и Вршник и ангажирани се трактор со нож.
- Извршено е рачно одстранување на снежен нанос од плоштадот и централното градско подрачје.
- Извршено е ископ на земја испод еластична ограда на улици Гоце Делчев со димензии 200x0,4x0,1 = 8,0 м3 и утовар на истата во трактор.
- Извршено транспорт на земјата до место определено од локалата.
- Извршено е фарбање на еластичната ограда со соодветна фарба, со претходно чистење на истата со челична четка.
- Извршено е кастрење на дрвја на ул. „св. Ѓорѓи Кратовски" (пред Кратис и стари гробишта) и ул „Гоце Делчев" кај полиција за расчистување на терен.
- Извршено е ископ на земја 3 и 4 категорија за канал за поставување на цевки за одвод на атмосверска канализација. Ископот е извршен со димензии 0,4x0,5 м во должина од 50 м .
- Извршено е порамнување на триаголната површина на сообраќајницата на ул. „св. Ѓорѓи Кратовски" со изнасање на вишокот земја до депонија , порамнување на теренот, набивање со ваљак и поставување на бехатон во површина од 70 м2.
- Извршено е поставување на заштитна ограда кај суд и на Радин мост .
- Извршено е фарбање на ограда на метален пешачки мост на Кратовска река ,со соодветна фарба.
- Извршено е хортикултурно уредување на просторот између Кратовска река и улицата „Никола Тесла".
- Извршено е Кастрење и одстранување на ниско обраснати дрвја покрај локалниот патен правец кој води од с. Кетеново до локалитетот „Камени

кукли“ а се со цел да се овозможи побезбедно движење на возилата за посета на локалитетот „Камени кукли“.

- Извршено е транспорт на тампон за пополнување на дупки на Млачки пат
- Извршено е транспорт на гребен асфалт за пополнување на делот помеѓу коловозот и тротоарот на ул. Гоце Делчев
- Извршено е утовар на шут од срушен објект од ул. Христијан Карпош и транспорт до депонија
- Извршено е косење на тева со тример и собирање на истата на кејот покрај улица Гоце Делчев, ул.„6ти Септември“, ул.„Мирче Ацев“, покрај тениско игралиште во Царина маала, ул. „Вера Јоциќ“ идр. Улици низ градот.
- Извршено е вадење на оштетени камени плочи, порамнување на теренот со песок и поставување на истите камени плочи во цементен малтер на улици Браќа Миладинови,Глигор Пазавански, Христијан Карпош и Кирил и Методи.
- Извршено е вадење на деградирана камена коцка (бекатон ) од сообраќајници, порамнување на теренот со песок и повторно поставување на истите коцки (бехатон). Активностите се извршени на ул. Лисец и се заменети 30 м2.
- Поправка на пропадната решетка за атмосверска вода на ул. „ Јосиф Даскалов“,
- Расчистување на одводни канали за атмосверска вода на ул. „Михајло Апостолски“ и ул „Никола Тесла“ и дел од ул „Гоце Делчев“ .
- Извршено е сечење на асфалтната површина на спортскиот терен во с. Туралево.
- Извршено е рачно порамнување на теренот и поставување на асфалтни плочи на улица во с. Туралево.
- Извршено е пренос на асфалтни плочи со трактор од спортски терен во с. Туралево до улица во с. Туралево.
- Извршено е фугирање со цементен малтер на улица во с. Туралево .

Изработил:
Рате Јовановски

03.03.2023 год
Кратово

Ј.П. „КРАТОВО“
Директор
Златко Стојановски